**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**www.iph.mk**
Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ
Тел:  02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354

**ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **јули, 2026**




**Скопје, 06.08.2026**

**Содржина:**


*ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ЈУЛИ, 2026 година* 3

*НАЈЧЕСТО ПРИЈАВЕНИ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ЈУЛИ, 2026 година* 4

*ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ЈУЛИ, 2026 година – по групи* 4

*ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ* 5

*ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА* 5

*СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА* 5

*ЕПИДЕМИИ* 6

*СМРТНИ СЛУЧАИ* 6

*ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ* 6

*БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ* 7

## *ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ЈУЛИ, 2026 година*

Во текот на јули 2026 година, во Република Северна Македонија, пријавени се вкупно **1.494** заболени лица од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)* со вкупна инциденца од **81,3 на 100.000 жители**.

Во текот на месец јули се бележи зголемување на вкупниот број на заболени лица за 91,5% во однос на претходниот месец јуни (n=780), зголемување во однос на јули 2025 за 59,4% (n=937), како и намалување во однос на аритметичката средина за периодот 2016–2025 за 28,1% (n=1.166).

Во вкупниот број на заболени во 2026 година, регистрираните случаи во месец јули учествуваат со 25,0%. Кумулативниот број на пријавените случаи во 2026 (n=5.980) е за 2,1% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2025 година (n=6.110). *(Графикон 1)*

***<u>Графикон 1</u>: Број на заболени од заразни заболувања по месеци во 2026 и аритметичка средина за 2016-2025***




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=503; 33,7%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Кочани (n=9; 0,6%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ се регистрира на територијата на ЦЈЗ Тетово (I=213,1/100.000), а најниска инциденца во ЦЈЗ Кочани (I=10,2/100.000). *(Графикон 2)*

Во месец јули, две ПЕ не доставија пријави за заразна болест до ИЈЗ од територијата што ја покриваат (Делчево и Дебар). *(Картограм)*

***<u>Графикон 2</u>: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во јули, 2026***




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во јули*** учествуваат со 97,5% во вкупниот број на заболени во месецот и инциденца од 79,3/100.000 жители. *(Табела 1).*

***Првите две најчести заразни заболувања*** учествуваат со 83,3% во вкупниот број на заболени, а со 85,6% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец јули 2026 година.

***<u>Табела 1</u>: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во јули, 2026***

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| Ентероколитиси | 975 | 53.1 |
| Овчи сипаници | 270 | 14.7 |
| Салмонелози | 69 | 3.8 |
| Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации | 67 | 3.6 |
| Инфективна мононуклеоза | 21 | 1.1 |
| Шуга | 18 | 1.0 |
| Вирусен енцефалитис | 12 | 0.7 |
| Легионерска болест | 8 | 0.4 |
| Инфекции предизвикани од E. coli | 8 | 0.4 |
| Сифилис | 7 | 0.4 |
| **Вкупно** | **1455** | **79.2** |

## *НАЈЧЕСТО ПРИЈАВЕНИ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ЈУЛИ, 2026 година*

Во текот на месец јули, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **ентероколитите** со вкупно 975 пријавени заболени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 65,3%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 67,0%.

Во однос на претходниот месец јуни (n=314), се регистрира зголемување на бројот на пријавени од ентероколит за 3,1 пати, а во однос на месец јули 2025 (n=461), зголемување за 2,1 пати. Во однос на аритметичката средина (n=675) се регистрира зголемување за 44,4%.

Во вкупниот број на регистрирани ентероколити во 2026 (n=2.440), пријавените случаи во јули учествуваат со 15,3%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2026 (n=5.980), ентероколитите учествуваат со 40,8%.

Кумулативниот број на заболени од ентероколити во 2026 (n=2.441) е за 15,3% поголем во однос на кумулативата во истиот период во 2025 (n=2.117).

На второ место по број на пријавени заболени во месец јули се **овчите сипаници**, со 270 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 18,1%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец со 18,5%.

Во однос на претходниот месец јуни (n=353), се регистрира намалување на бројот на заболени лица од овчи сипаници за 23,5%, додека во однос на месец јули 2025 (n=340) се регистрира намалување за 20,6%. Во однос на аритметичката средина (n=324) се регистрира зголемување за 9,0%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипници во 2026 (n=2.384), пријавените случаи во јули учествуваат со 11,3%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2026 година (n=5.980), овчите сипаници учествуваат со 39,9%.

Кумулативниот број на заболени од овчите сипаници во 2026 (n=2.384) е за 22,1% помал во однос на кумулативата во истиот период во 2025 (n=3.061).

## *ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ЈУЛИ, 2026 година – по групи*

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи,** во јули, најголем број (n=1.127) припаѓаат на **цревни заболувања** (75,4%; I=61,4/100.000) *(Графикон 3).* Од нив најголем број (n=975, 86,5%) и инциденца (I=53,1/100.000) се пријавите за ентеколити. Во оваа група се пријавени и 69 случаи на салмонелози, 67 случаи на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации, 4 случаи на кампилобактериоза, 3 случаи на шигелоза и еден случај со џардијаза.

Во месец јули пријавени се 305 случаи на **капкови заболувања** (20,4%; I=16,6/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број (n=270; 88,5%) и инциденца (I=14,7/100.000), се пријавите за овчи сипаници. Во оваа група пријавени се и 31 случај со инфективна мононуклеоза, 3 слуачаи со голема кашлица, 2 случаи со заразни заушки и еден случај на скарлатина.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во јули се регистрирани 40 случаи (2,7%; I=2,2/100.000) (*Графикон 3*). Од нив 18 се случаи на шуга (45,0%; I=1,0/100.000), 12 случаи на вирусен енцефалитис, 4 случаи со бактериски менингитис, 3 случаи на вирусен менигитис и по еден случај со маларија, токсоплазмоза и други вирусни хеморагични трески.

Случајот со маларија е лице од машки пол, на возраст од 27 години од Скопје. Пациентот бил на туристичко патување во Танзанија/Занзибар. Лицето навело податок за каснување од комарец за време на престојот, а истиот не примал профилакса за маларија пред, за време и по престојот во Танзанија/Занзибар. Лицето со манифестни клинички симптоми е хоспитализирано на КИБФС , а болеста е потврдена лабораториски.

Пријавениот случај со Денга вирусна инфекција е лице од машки пол, на возраст од 28 години, кој престојувал на Малдивите. Лицето потврдува каснување од комарец за време на престојот. Пациентот не бил хоспитализиран. Болеста е докажана лабораториски.

Регистрирани се 12 случаи на WNV невроинвазивна форма (сите од Скопје) од кои еден случај е со историја на патување во Грција, но инкубацискиот период покрива и престој во Македонија.
Од регистрираните случаи (n=12), 10 се лица од машки, а две лица се од женски пол. Во однос на возрасната дистрибуција, сите пријавени лица се на возраст над 50 години. Сите случаи се хоспитализирани.

Во групата на **зоонози,** во месец јули пријавени се 8 заболени лица (0,5%; I=0,4/100.000) *(Графикон 3),* од нив 3 се случаи на ехинококоза, и по 2 случаи на лајм борелиоза и бруцелоза и еден случај на лајшманиоза.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) регистрирани се 14 заболени лица (0,9%; I=0,8/100.000) *(Графикон 3).* Пријавени се 7 случаи на сифилис, 4 случаи на вирусен хепатитис Б и по еден случај со гонореја, инфекција со хламидија и вирусен хепатит Ц. *(Табела 1 во Прилог)*

***<u>Графикон 3</u>: Структура на заболени по групи на заболувања во јули, 2026***




### *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец јули, пријавени се 11 нови случаи на ХИВ/СИДА, од нив 9 се лица од машки пол и 2 лица од женски пол, на возраст од 20-49 години.(*Табела 3 во Прилог*)

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 30.06.2026), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во РС Македонија, за периодот 1987–2026, изнесува 765 и тоа:

- 141 починато лице
- 508 лица кои живеат со ХИВ/СИДА
- 116 лица се водат како изгубени за следење (иселени)

### *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец јули 2026 регистрирани се 9 случаи со инциденца од 0,5/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*)

Регистрирани се 4 случаи на вирусен хепатитис Б кои од кои 2 според возраста не подлежат на имунизација и 2 се невакцинирани согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ. Дијагнозата е потврдена лабораториски.

Во текот на месец јули, пријавени се три случаи на голема кашлица (2 од Скопје и еден од Штип). Случаите од Скопје се на возраст од 12 години ( редовно вакциниран), 14 месеци (вакциниран согласно возраст) и со уреден вакцинален статус согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ. За случајот од Штип нема податок за вакциналниот статус. Случаите се лабораториски докажан.

Пријавени се два случаи на заразни заушки од Кичево (45 год.) и Скопје (4 год.). За случајот од Кичево нема податок за вакциналниот статус и истиот е клинички потврден. Случајот од Скопје е вакциниран согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не е вакциниран против оваа болест, и болеста е клинички и лабораториски докажана.

### *СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА*

Во РС Македонија, во текот на месец јули, не се пријавени нови случаи на КОВИД-19, има намалување во однос на претходниот месец јуни (n=2), како и во однос на месец јули од 2025 година (n=27).

Во текот на јули не се регистрирани починати лица асоцирани со КОВИД-19.

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец јули се тестирани

вкупно 440 материјали, за 3,7% помалку во однос на минатиот месец (n=457).

Од првиот регистриран случај во државата, заклучно со 31.07.2026, пријавени се вкупно 352.489 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.191,3/100.000) и 10.009 смртни случаи (Mt=544,9/100.000; CFR=2,8%).

## *ЕПИДЕМИИ*

Во текот на месец јули, до Институтот за јавно здравје пристигнати се пет пријави за појава за епидемија од кои 3 се со ***dg. Toxoinfectio alimentaris,*** *една со* ***dg. Intoxicatio alimentaris, и*** една пријава со ***dg.Gastroenteritis.***

Првата пријава е од ЦЈЗ Прилеп со ***dg.Toxoinfectio alimentaris*** со докажан причинител ***Salmonella enteritidis***.Пријавени се 44 заболени лица од кои 6 се хоспитализирани.

Втората епидемија е пријавена од страна на ЦЈЗ Штип со ***dg***. ***Toxoinfectio alimentaris*** при што се заболени вкупно 6 лица и нема хоспитализирани. Двете епидемии се регистрирани во работен колектив.

Третата епидемија е пријавена од ЦЈЗ Велес исто така со ***dg.*** **Toxoinfectio alimentaris** при што се регистрирани 10 заболени лица кои присуствувале на семеен собир. Четири од лицата биле хоспитализирани.

Четвртата пријава е од ЦЈЗ Струмица со ***dg. Intoxicatio alimentaris*** и причинител ***Staphylococcus aureus и стафилококен ентеротоксин***. Во епидемијата е зафатен детски колектив при што се пријавени 6 заболени лица и едно хоспитализирано лице.

Петтата епидемија е од ЦЈЗ Тетово ПЕ Гостивар со ***dg.Gastroenteritis***. Епидемијата е пријавена на 19.07.2026 година со сомнение за хидрична епидемија и пријавени 140 заболени и 9 хоспитализирани лица. Сите епидемии се одјавени во тековниот месец освен епидемијате во Гостивар која сеуште е во тек.

## *СМРТНИ СЛУЧАИ*

Во текот на месец јули, **не се регистрирани смртни случаи од акутно заразно заболување** *(без КОВИД-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)*.

## *ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ*

Во текот на јули 2026 година во ИЈЗ се пристигнати 1.038 *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болест и резистенција на антибиотици. (Табела 4 во прилог)*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на сите 10 ЦЈЗ и еден ПЕ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=685; 66,0%). (*Табела 4 во Прилог)*

Најчесто пријавувани причинители во месец јуни се: *HPV* (241; 23,2%), *MRSA* (195; 18,8%) и *Salmonella enteritidis* (n=71; 6,8%).

Според пријавите, резистенција е регистрирана кај *Escherichia coli, Acinetobacter, Klebsiella pneumoniae, Salmonella enteritidis, Pseudomonas aeruginosa, Enterococcus faecalis, Stenotrophomonas maltophilia, Citrobacter freundii, Staphylococcus aureus, Bacteroides fragilis, Campylobacter jejuni, Citrobacter spp., Enterobacter aerogenes, Enterobacter cloacae, Enterococcus faecium, Enterococcus spp., Klebsiella oxytoca, Klebsiella spp., Peptostreptococcus spp., Serratia marcescens, Staphylococcus spp. и Streptococcus agalactiae.*

Во однос на лабораториите кои пријавиле резистенција, пријавите се пристигнати од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Прилеп, ЦЈЗ Тетово, ЦЈЗ Штип, ЦЈЗ Струмица, ЦЈЗ Кочани, ЦЈЗ Велес и ЦЈЗ Охрид.

## ***БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ***

Во текот на јули, ***пристигнати се дванаесет пријави*** за заразно заболување регистрирани кај странски државјани и тоа: 6 пријави за ентероколитис, 5 за бактериски алиментарни инфекции и интоксикации и една варичела. Според земјата од која доаѓаат, 5 случаи се од Турција, 2 случаи од Германија, и по еден случај од Србија, Белгија, Луксенбург, Австралија и Косово.

Во текот на 2026 година, регистрирани се вкупно 32 пријави за акутни заразни заболувања кај странски државјани. Регистрирани се 13 пријави на ентероколитис, 6 случаи со бактериски алиментарни инфекции и интоксикации, 4 пријави за ХИВ/СИДА, 4 пријави за салмонелози, и по една пријава за кампилобактериоза, легионерска болест, денга и бруцелоза и варичела.

Според земјата од која доаѓаат, 9 лица се од Косово, 7 случаи од Турција, 4 случаи од Германија, по 2 случаи од Србија и Австралија, и по еден случај од Словенија, Белгија, Луксенбург, Австрија, Британија, Канада, Хрватска и Бангладеш.

***Оддел за епидемиологија на заразни заболувања***
***Институт за јавно здравје на РСМ***